Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 550 www.mchamber.mk 17.11.2023




## Азески на 9 FMCG Summit: Бизнисот треба да се почитува, тој шест месеци однапред ги чувствува промените

## ИЗВОЗОТ - ВРВЕН ПРИОРИТЕТ ЗА РАСТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

## Кристофер Сандерс: Да не се носат одлуки за добивки на краток рок, да се мисли на одржливост на компанијата на долг рок

22.11.2023, Семинар
“ТОП“ ФИНАНСИСКИ ФУНКЦИИ ВО ЕКСЕЛ

23.11.2023, Семинар
ВИДОВИ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ, ИСПРАЌАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ (ПРИМАРНА И СУДСКА ЗАШТИТА), ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ, РАБОТНО ВРЕМЕ

23.11.2023, Семинар
„ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НЕФИНАНСИСКИ ИЗВЕСТУВАЊА ЗА КОРПОРАТИВНА ОДРЖЛИВОСТ“

24.11.2023, Работилница
ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И НАЈЗАСТАПЕНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ГИ ИЗДАВА РАБОТОДАВАЧОТ КАКО ДЕЛ ОД РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

24.11.2023, Семинар
СОВЕТИ ЗА РАБОТА ВО EXCEL 2016 И ПРИМЕНА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ

28.11.2023, Семинар
ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

28.11.2023, Семинар
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

28.11.2023, Семинар
„ПОПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА И ЗАЛИХИ“

29.11.2023, Семинар
НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА ФИЛТРИРАЊЕ, НАПРЕДНО ФИЛТРИРАЊЕ, ВАЛИДАЦИЈА, СРЕДУВАЊЕ И АНАЛИЗА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

9001:2015

http://www.facebook.com/chambermk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Азески на 9 FMCG Summit: Бизнисот треба да се почитува, тој шест месеци однапред ги чувствува промените



9-тиот FMCG Summit го одбележа одлична панел-дискусија и големиот интерес за актуелната тема „Кој добива, а кој губи со актуелните мерки?“, на која учествуваа Бранко Азески, претседател на Стопанската комора, Крешник Бектеши министер за економија, Икица Павлоски, комерцијален директор на „Лион“ и Климе Булоски, извршен директор на „Еуро табак“.

Панелистите создадоа атмосфера на активна дискусија и делење на искуства. Салата беше исполнета со претставници на голем број домашни и странски компании од секторот трговија со стока за широка потрошувачка, кои се вклучија во размена на мислења и идеи со панелистите и бурно реагираа. Панелистите ги соочија ставовите на прашањата: Има ли недостиг на комуникација меѓу Владата и бизнис-секторот? Дозволени се мерки за продажни акции? Каков ќе биде законот за нефер трговски практики?

Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески истакна дека е потребно подобрување на комуникацијата меѓу Владата и компаниите.

„Бизнисот треба да се почитува, бидејќи тој шест месеци однапред ги чувствува промените“, кажа меѓу другото Азески. Нагласи дека претседателот на државата треба да ги одликува со орден сите од секторот трговија за тоа што го издржале сите овие години.

Во завршниот дел Азески го повика бизнис-секторот на обединување и истакна дека сега, како никогаш порано, е потребно да ги најдеме механизмите за поддршка и

заедничко решавање на предизвиците.

„Запомнете ги моите зборови. Тие се зборови на искуство. Ако не се обединиме, отидовме, ние сме мала земја, мал пазар. Мора да го најдеме механизмот и да заборавиме на она што е минато, да ги рушиме границите, луѓето да добијат пазар, а ние да им помогнеме", истакна Азески.

Поенти од панел дискусијата:

- Икица Павлоски и Климе Булоски посочија дека мерките за забрана на промотивните акции на производите предизвикале стрес во малопродажбата.
- Министерот Бектеши објасни дека забраната на промотивни акции не беше општа, туку се работело за недоволна информираност и злоупотреба.

Реакциите на секторот, по завршување на самитот, вродија со плод. Еден ден по завршување на самитот министерот за економија донесе одлука со која се укина забраната за акции и промоции. Тоа што произлезе од од панел-дискусијата, а што е клучно за бизнисот е единството во барањата. Потребно е да се настапува во група, таа да им добра организирана и јасна цел што сака да постигне.

9-тиот FMCG Summit беше организиран од магазинот InStore и маркетинг агенцијата „Кликер маркетинг".





# ИЗВОЗОТ - ВРВЕН ПРИОРИТЕТ ЗА РАСТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА



Во насока на остварување на целите и приоритетите во доменот на креирање и спроведување на политики за унапредување на извозот, зајакнување на извозните потенцијали на домашната економија, поттикнување на конкурентноста на извозно ориентираните компании и освојување нови пазари, на 7 ноември се одржа третата седница на Националниот совет за извоз.

Седницата ја водеше претседателот на Националниот совет за извоз, Бранко Азески кој пред членовите ја истакна важноста која  ја има Советот како главен механизам за јавно-приватен дијалог во креирањето на насоки и конкретни активности кои ќе ги поддржат извозните капацитети и ќе изградат механизми кои ќе бидат во функција на извозот и растот на домашната економија.

На покана на претседателот на Советот, пред членовите своја презентација имаше и д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум-КИФ која ги презентираше мерките за поддршка на извозот на земјите од Западен Балкан. Во своето излагање д-р Штерјова Душковска направи компаративна анализа на моделите на мерки за поддршка во шесте економии од регионот, од која особен акцент беше ставен на моделот на Србија каде преку две Агенцијата за осигурување и финансирање на извозот и Развојната агенција на Србија се реализират мерките за поддршка на домашните извозни компании. Двете агенции нудат широк асортиман на услуги и активности преку кредитни линии, гаранции, факторинг, учество на саемски манифестации, консултантска поддршка за развојна стратегија за позиционирање на целниот пазар и консултантска поддршка за извозни маркетинг активности.

Според кредитното портфолио за 2022 година на Агенцијата за осигурување и финансирање на извозот, Србија има остварено најголем износ на извоз кон Северна Македонија со 18.71% или во бројки 10.428.602,00 евра на производи од преработувачка, прехранбена и фармацевска индустрија, заклучи Штерјова Душковска.

Пред членовите на Советот беше претставен и концептот за работа на Институтот за извоз при Комората кој претставува професионална, услужна алатка за поддршка на извозно ориентираните компании, која за потребите на компаниите ќе нуди обуки и работилници за развивање на кадровските капацитети, со знаења и вештини потребни за реализација на извозните активности. Билјана Пеева-Ѓуриќ, оперативен директор на Стопанската комора на Северна Македонија додаде дека покрај едукативниот аспект, Институтот ќе изготвува анализи и истражувања со податоци за извозна конкурентност на таргетирани странски пазари, податоци за царинска и за даночна политика, нецарински бариери и други податоци кои се од интере на извозно ориентираните компании.

# УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ: СЕКОЈ НАШ УЧЕНИК ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СТАНУВА НАШ КОЛЕГА




„Следејќи ги своите потреби, како и потребите на општеството, „Еуроникел Индустри“ ДОО, Кавадарци, во изминатите 5 години, им овозможи практично учење на 254 ученици од средните технички училишта од Кавадарци и Неготино, и тоа преку учење преку работа, дуално образование, како и феријална практика“ вели Борка Петровска, менаџер за администрација во компанијата.

Иако како концепт, практичната настава воопшто не е нешто ново, во изминатата декада, пазарот на трудот и потребите на бизнисот наложија повторно и активно вклучување на работодавачите во образовниот процес, со цел по завршувањето на образованието, учениците да бидат готов производ и да можат веднаш да се вклучат во работните процеси. Образовната институција мора да ја постави основата, да ги преставиконцептите кои учениците ќе ги изучуваат, а преку практичната настава учениците учат како практично се применуваат стекнатите знаења во реалниот живот, се запознаваат со организациона поставеност во една компанија, хиерархија, тимска работа, ред и дисциплина, ги подготвува за нивните идни професии со што се постигнува посакуваниот ефект: да се добие готов производ спремен да одговори на побарувачката на пазарот на трудот.

Компнијата го поддржува слоганот „Избери мудро – избери средно стручно образование“, затоа што пазарот самиот ги диктира потребите, а последните години повеќе од очигледно е дека на глобално ниво, не само во Македонија, недостига технички персонал и уште многу други видови стручни професии. Според Петровска „Секој што размислува практично, пазарно ориентирано, секогаш треба да се стреми да му понуди на пазарот она што го нема, што е дефицитарно, зашто тогаш постигнува и највисока цена и најдобри услови“

Таа посочува дека компанијата може да се пофали со голем број успешни приказни.

„Ние се радуваме на секој наш ученик што по завршувањето на средното стручно образование станува наш колега, како и на секој што ќе одлучи да го продолжи образованието и да стане инженер и потоа пак наш иден вработен“

Компанијата располага со соодветни услови за реализација на практичната обука и со високо професионален стручен персонал, кој е вклучен во практична настава за учениците кои ја изучуваат квалификации од машинската, електро, металуршката и хемиската дејност. Нивните инженери, кои се обучени и сертифицирани ментори, активно се вклучени во различните програми за практична настава.



# УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ: ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – РАЗВИВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА КАДАРОТ И ПОДИГАЊЕ НА НИВОАТА НА ВЕШТИНИТЕ И СПОСОБНОСТИТЕ




Компанијата „ДЕПЕТ“ ДОО, Скопје, позната како Пастел пекарница (Pastel Bakery), веќе втора година по ред, се залага за директно вклучување на учениците во процесите на производство преку учество во дуалното образование во соработка со средното училиште СУГС „Лазар Танев“, Скопје. Според компанијата, низ процесот на дуалното образование се развиваат потенцијалите на кадарот и се подигаат нивоата на вештините и способностите на учениците и влијае на двонасочно исполнување на потребите и на двете страни: на учениците, кои се оспособуваат веднаш по завршувањето на образованието да бидат директно подготвени за извршување на работните задачи, и на работодавците за регрутирање обучен кадар.

Пред да се вклучи во практична едукација на учениците од пекарската и слаткарската струка, компанијата, со поддршка на Стопанската комора, ги исполни двата важни критериума за осигурување квалитетот во реализацијата на практичната обука:

- Сертификација на ментор преку завршување на обуката за ментори на ученици за учење преку работа и
- Верификација на компанијата за реализација на практична обука на ученици.

„Учениците треба да се вклучат во дуалното образование во поголем број, бидејќи ги чека многу подобра подготовка за директна вклученост во самото производство, без дополнителни обуки откако ќе се вработат; поголема сигурност за непосредно вработување веднаш по завршувањето на образованието; многу поголем пристап до најсовремени техники и опрема кои произлегуваат од денешниот технолошки развој, кој компаниите сѐ повеќе го следат.“

# Месечно обраќање на Кристофер Сандерс: Да не се носат одлуки за добивки на краток рок, да се мисли на одржливост на компанијата на долг рок



Најважниот аспект за кој што треба да зборуваме е одржливоста. За мене одржливоста значи правење добивка. Зашто ако го немате профитот, нема да може да го направите тоа што сакате да го направите, нема да може да не ги правите нештата кои не сакате да ги правите и на долг рок ќе ви помогне да се погрижите начинот на кој што општествеото се развива да биде од полза за сите. Затоа бизнисот треба да се води на одржлив и профитабилен начин, истакна Кристофер Сандерс, специјален советник на претседателот на Стопанската Комора на Северна Македонија, Бранко Азески на месечно обраќање на актуелна тема, што овој месец беше со наслов „Глобалните геополитички случувања – предизвик за интернационализација на бизнисот и следење на новите трендови во индустријата “.

Во своето обраќање Сандерс го истакна значењето на иновациите како средство за следење на новите трендови, глобалните предизвици, миграцијата на работна сила, како и начинот на кој претприемачите и бизнисите можат да се приспособат и да се развијат во оваа нова глобална реалност.

„Можеме да сме задоволни само преку успешни клиенти. Тоа значи дека треба да ги следиме нашите клиенти. Целта е да не се носат одлуки за добивки на краток рок, туку за постигнување на одржливост на компанијата на долг рок“, нагласи советникот.

За состојбите во регионот и за земјата Сандерс оцени дека за потенцијалните инвеститори и бизнисот воопшто, голем ризик е тоа што земјава главниот фокус го става на членството во ЕУ.

„Мора да имате вистинска визија каде одите, стратегија која ќе знаете како да ја примените, дефинирани одговорности. Ова се многу едноставни деловни алатки. За жал, политиката во овој регион, според мене, ги нарушува сите овие аспекти, а тоа значи дека вистинскиот потенцијал на една земја, на земја што јас ја запознав пред неколку години, не се остварува, зашто не постои стратегија. Последните стратегии за индустријата или образованието се од 2018 година, а што се се случи од тогаш? Каде се новите верзии од нив, каде се новите планови? Што се прави? Во оваа земја такво нешто не гледам. И без тоа, како очекувате која било компанија да инвестира овде кога единствената аспирација на луѓето е да се стане членка на ЕУ? Колку луѓе ќе ја напуштат оваа земја штом тоа ќе се случи? Каде се моите работници во иднина кога тоа ќе се случи? Каде е фокусот во Македонија за развој на вештини, способности, на образовна основа кои ќе помогнат да се надминат и другите земји, да дојдете во прва позиција, да кажете „можам да создадам тим во Македонија за да го добијам тоа што треба, денеска, утре, во иднина, да знам дека ќе го добијам тоа и дека преземените обврски ќе бидат исполнети. Тоа е големиот ризик што го забележувам во моментот“, истакна Сандерс.



Според него, добро е тоа што луѓето тука сè уште се гладни за успех и не се потпираат на општество кое сè им дава и сè им обезбедува.

„За место како Македонија имате една добра карактеристика - луѓето се сè уште гладни за успех, сè уште не се потпираат на општество кое сè им дава, кое сè им обезбедува“, рече советникот на Азески.

Кристофер Сандерс е еден од најзаслужните лица за реализација на инвестицијата на КОСТАЛ во Охрид и силен поддржувач и промотор на земјата. Роден е во 1957 година во Стафордшир, Обединето Кралство. Образованието го завршил на Универзитетот во Бирмингем и дипломирал хемиски инженеринг со почести. Вработен во Leopold KOSTAL Gmbh и Co KG од 1980 година како индустриски инженер, а потоа како извршен директор на KOSTAL Ireland во 1981 година, со одговорност за избор и основање на овој производствен капацитет за Костал. Од 1990 година врши слични активности за нова КОСТАЛ фабрика во Обединетото Кралство. Во 1995 станува заменик извршен претседател на групацијата со одговорност за корпоративно планирање и координација на подружниците. Функцијата вклучува основање, развој и проширување на сите нови и постоечки капацитети на КОСТАЛ надвор од Германија, како и стратешкиот развој на групацијата и неговата тактичка примена како што КОСТАЛ растеше на глобално ниво.

Дел од работните активности вклучуваат истражување, преговарање и воспоставување на сите барања за раст и развој со потребните Влади и инситуции и на сите неопходни нивоа за да се обезбедат најдобри околности за раст и профитабилност на групацијата КОСТАЛ. Кристофер Сандерс е веќе пензиониран од ноември 2022 и живее во Германија, но сè уште е вклучен во активностите на КОСТАЛ во Македонија како стратешки консултант и ментор.



**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 23.11.2023**

# ВИДОВИ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ, ИСПРАЌАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ

Во организација Стопанската комора на Северна Македонија, а за потребите на бизнис заедницата, на 23 ноември 2023 година ќе се организира еднодневен „он-лајн" семинар на тема: ВИДОВИ НА ДОГОВОРИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, РАБОТНИ ДОЗВОЛИ ЗА СТРАНЦИ, ИСПРАЌАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО, ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА КАЈ РАБОТОДАВАЧОТ (ПРИМАРНА И СУДСКА ЗАШТИТА), ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТНИКОТ, РАБОТНО ВРЕМЕ.

Организираност и придобивки од семинарот:

Овој еднодневен семинар е организиран по принцип на тренинг-обука, со цел учесниците низ предавања и практични примери од пракса да се стекнат со нови и да ги унапредат постојните знаења во областа на работните односи, поконкретно за видовите на договори за вработување по основ на времетраење, сезонска работа, волонтирање/практикантство, менаџерски договори, работа од дома, видови на работни дозволи за странци со преглед на постапката и потребната документација, уреденост на постапката за испраќање на работници од Македонија во странство, остварување на правата кај работодавачот (примарна и судска заштита), отказ од страна на работникот при прекршување на правата од работен однос од страна на работодавачот, работно време (полно и скратено, прекувремена работа, прераспределба на работата).

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за сите вработени во правните служби, адвокатите и правни практичари кои работат во областа на трудовото законодавство, менаџери во компаниите, управители на друштва, вработени во правните сектори и секторите за управување со човечки ресурси, како и за сите останати кои сакаат да го усовршат и надградат своето знаење или истото да го потврдат во делот на работните спорови, низ призма на искуството на правни практичари.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Работилница 24.11.2023**

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И НАЈЗАСТАПЕНИ ДОКУМЕНТИ КОИ ГИ ИЗДАВА РАБОТОДАВАЧОТ КАКО ДЕЛ ОД РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 ноември 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Задолжителни и најзастапени документи кои ги издава работодавачот како дел од работните односи - Практични примери, состав и спроведување на решение за годишен одмор, потврда за искористен годишен одмор, одлука за суспензија, одлука за парична казна, спогодба за престанок на работниот однос, отказни решенија, други одлуки и потврди".

На оваа онлајн работилница ќе се разгледаат практични примери на некои од најчестите документи кои работодавачите ги издаваат во регулирањето на работните односи. Преку ваквите примери ќе се објасни кои се задолжителните елементи на актите кои ќе се анализираат, на што да се внимава во поглед на формата на актите која е пропишана со закон и секако, како тие акти потоа да се врачат до работникот и како да се спроведат.

Во таа смисла, обработувајќи ја темата за годишните одмори, особено ќе се потенцираат специфичностите на изработка на решение за годишен одмор, како и потврда за искористен годишен одмор.

Во делот на дискусија за престанокот на работниот однос, ќе се анализираат правилата за состав на отказно решение, одлука за суспензија и одлука за парична казна.

Работилницата ќе биде интерактивна и ќе се одржи онлајн.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 24.11.2023**

# СОВЕТИ ЗА РАБОТА ВО EXCEL 2016 И ПРИМЕНА НА ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ

Во денешниот свет на промени владеењето на Excel е многу барана вештина за вработените - неговото познавање практично претставува стандард во деловниот свет.

Првиот дел од онлајн семинарот е наменет за сите кои го применуваат Excel во секојдневното работење и кои имаат потреба побрзо, подобро и поефикасно да го користат. Тој опфаќа корисни совети кои ќе овозможат кратење на времето за изработка на различни задачи, кратки и јасни содржини без премногу теорија и со конкретни примери од пракса кои ќе Ви овозможат лесно да го разберете градивото и да го примените стекнатото знаење.

Следењето на промените се клучни за компаниите да останат конкурентни во денешното брзо растечко техничко опкружување. Вработените можат да ги подобрат своите вештини и значително да придонесат за успехот на компанијата во сè повеќе деловно опкружување управувано од податоци.

Вториот дел од онлајн семинарот опфаќа вовед во работењето со апликации за вештачка интелигенција вклучувајќи ја и апликацијата „Чет-ГПТ“. Имено, вештачката интелигенција станува дел од секојдневниот живот, која се развива и ги менува нашите професионални и лични животи. Затоа е важно да се започне со едукација за основите на вештачката интелигенција како и за едноставна примена во канцеларискиот работење. Учесниците на онлајн семинарот ќе имаат прилика да видат како се пишува мотивациско писмо, пофалба/жалба за одредени услуги, деловно писма до клиентите и слично со помош на „Чет-ГПТ“. Исто така ќе научат како да направат презентација само со задавање на нејзиниот наслов како и ќе добијат насоки за користење на други апликации од областа на вештачката интелигенција.

Основен услов за следење на семинарот е учесникот да има познавања од работа со компјутер и основни познавања на програмата за табеларно пресметување – Excel 2016.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 28.11.2023**

# ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година (вторник) организира специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Статистиката покажува дека:

Само 58% од организациите ја разбираат вредноста на проектниот менаџмент;

Само 2,5% од претпријатијата успешно/100% ги завршуваат своите проекти;

55% од проект менаџерите пречекорувањето на буџетот е причина за неуспехот на истиот;

Недостатокот на јасни цели е причина за 37% од неуспешните проекти;

44% од проектите не успеваат поради недостаток на усогласување помеѓу деловните и проектни цели;

75% од проектите пропаѓаат бидејќи менаџментот и раководство не се вклучува активно;

57% од проектите не успеваат поради лошата комуникација на членовите вклучени на проектот.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 28.11.2023**

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се “нелогични” и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?”. На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 13.12.2023 - 22.12.2023**

# Практичен курс - водич за успешна продажба преку социјалните мрежи INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА

Постојат околу 2 милијарди корисници на Инстаграм во светот. 90% од нив следат барем една компанија на Инстаграм. Само поради ова, се плаќа за да се создаде профил за вашата компанија со апликацијата Instagram. Но, дали знаете дека можете да го преземете вашиот бизнис чекор сами и понатаму да почнете да продавате на Инстаграм?

На овој курс ќе научите како да креирате бизнис профил и да продавате на Инстаграм или преку Инстаграм користејќи други платформи.

Економските трендови во земјата и светот покажуваат дека социјалните мрежи како Инстаграм стануваат водечки платформи не само за дружење, туку и за добри бизнис потези, односно продажба на производи.

Всушност, повеќе од 25 милиони бизниси го користат Instagram за промовирање на нивните услуги, и ќе има сè повеќе од нив бидејќи Instagram е најбрзо растечката социјална мрежа.

Инстаграм е една од најдобрите 4 социјални мрежи со најголем број корисници.

За да го олесниме вашето патување во продажбата на Instagram, подетално го подготвивме овој курс, чекор по чекор како водич. Нашата цел е да одговориме на сите прашања кои би можеле да ги имате додека го започнувате процесот на продажба на Инстаграм, оттука Ве покануваме да земете учество на четиридневниот курс за INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА, кој ќе се одржи во декември (13, 14, 20 и 21 од 9:00 до 12:00 часот), во Стопанска комора на Северна Македонија, сала 1 на 5-ти кат.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Тренинг обука 14.12.2023 - 22.12.2023**

# ЧЕТИРИДНЕВНА ОНЛАЈН ОБУКА НА ТЕМА: САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

**ЧЕТИРИДНЕВНА "ОНЛАЈН" ОБУКА НА ТЕМА:**

***САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ***

**14.12.2023, 15.12.2023, 20.12.2023 и 22.12.2023**



**Предавачи:**

-***Проф.д-р Маријан Стевановски***, редовен професор и самостоен научен истражувач и
- ***Проф. м-р Кристина Стевановска Маневска***, професор и експерт од областа на сајбер безбедност.

***Заинтересираните за учество на овој семинар можат да се пријават најдоцна до 12.12.2023 година.***

Стопанската комора на Северна Македонија, на: 14.12.2023, 15.12.2023, 20.12.2023 и 22.12.2023, организира четвородневна обука на тема: „САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ“. Модулот Сајбер безбедност ги опфаќа главните вештини и знаења потребни за безбедно користење на ИКТ во секојдневните услови, дома и на работа.

За поединци и организации, важно е да ја разберат добрата практика во одржување на безбедна мрежна врска, безбедно користење на интернетот и управување со податоци и информации. Овој модул опфаќа концепти околу безбедни информации и податоци, физичка безбедност, приватност и кражба на идентитет.

Бидејќи податоците и информациите се вредни, имањето соодветно знаење, вештини и свест за нивно заштита е корисно во широк опсег на работни улоги. Модулот за сајбер безбедност им помага на работниците и работодавачите да ги заштитат овие клучни ресурси.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 12.12.2023 - 22.12.2023**

# Практичен курс за MS EXCEL (ОСНОВНО НИВО) - КЛУЧ ЗА УСПЕХ НА ВАШЕТО РАБОТЕЊЕ

MS EXCEL  е алатка која успешно се применува во сите индустрии. Се користи за табеларно организирање на податоците, кои потоа лесно се обработуваат и анализираат за да се креираат извештаи врз основа на кои компаниите донесуваат различни деловни одлуки. Оттука е и важноста во секоја компанија да се користат MS EXCEL алатките и вработените наместо рачно да внесуваат податоци, да научат тоа да го прават на полесен и професионален начин и да ја избегнат можноста од несакани грешки.

Курсот е прилагоден за основно ниво каде низ практични примери и самостојно работење ќе ги совладате и ќе научите да ги применувате основните excel функции, како што се работа со формули и функции, создавање на табели и листи, работа со податоци и напредни алатки за поефикасно работење.

По завршувањето на курсот за MS Excel, ќе се стекнете со практично знаење применливо во пракса, ќе ви помогне во автоматизирањето на работата, брзо и точно процесирање на податоците, создавање на прецезни информативни табели и листи, како и решавање на комплексни пресметки.

Предавач на курсот: Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

101
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088